Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## НАЈЛУКСУЗНИОТ IPHONE НА СВЕТОТ



Британскиот "Amosu Luxury Phones" информира за својот нов луксузен мобилен телефон. Се работи за дијамантска доработка на популарниот Apple Iphone, и тоа со рачно изработени 420 дијаманти, со вкупно 5.65 карати. Основата на дијамантите, кои се бели или розови, може да биде од бело или од жолто злато. Оваа лимитирана верзија на дијамантскиот Iphone ќе биде промовирана и достапна од 9 ноември, и тоа само во Selfridges (Oxford Circus & Manchester Branch), и на нивната официјална веб-страница.

Почетната цена за овој (повеќе од луксузен) мобилен телефон е 20.000 фунти.

## ИДНИНАТА НА ФИКСНИОТ ТЕЛЕФОН



Се предвидува во иднина фиксните телефони да имаат сè помала употреба, а нив ќе продолжат да ги користат луѓето кои бараат едноставни апарати. Од тој аспект, нешто што ќе се користи толку ретко нема потреба да биде скапо и комплицирано. Дизајнерскиот тим, Priestman Goode, го осмисли "Post A Phone" - едноставен и евтин фиксен телефон, изработен од рециклирана хартија и пластика.

"Post A Phone" има дебелина од 4 милиметри, а е спакуван во амбалажа со големина на А5 формат. Телефонот може да се набави по пошта, а комплицираните постапки за примање на поштата ќе бидат избегнати, така што телефонот едноставно ќе може да се достави до поштенското сандаче.

Поштарината ќе биде симболична, а димензиите на телефонот го прават погоден за ваков вид достава. Според дизајнерите, овој телефон е во предност во однос на традиционалните, бидејќи е еколошки поприфатлив и едноставен за употреба.


